# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и деветтата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Славица Грковска, Рафет Муминовиќ, Трифун Костовски, Али Ахмети, Назми Беќири, Марјан Ѓорчев, Љибчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Љупчо Балковски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Илија Китановски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Невџет Мустафа, Тито Петковски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ и Хисни Шаќири, ме известија дека од опрвдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата од систмеот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Народниот правобранител и претседателот на Државната изборна комисија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на законот за јавни набавки и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.

Заради запазување на законските рокови во предлогот на дневниот ред за оваа седница ги внесов и предлозите на одлуките за огласување на судии во основните судови во Кавадарци и Струга и предлогот на Народниот правобранител за избор на негови заменици.

Ве известувам дека заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија Радмила Шеќеринска ме извести дека Куртали Саити поднел оставка на функцијата заменик на министерот за економија.

Констатирам дека на Куртали Саити му престанува функцијата заменик на министерот за економија.

Пратеникот Каме Петров предлага предлогот на дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување на избор на претседател на Основниот суд во Дебар, Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар, Предлог на одлука за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства и Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Кичево и Струмица.

Заради рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи сите предложи, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози на одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата и носители на други јавни функции, колешки и колеги пратеници.

За денешнава Педесет и деветта седница на Собранието на Република Македонија по итна постапка предлагам да се разгледаат и донесат одлуки за огласување на избор и именување на повеќе јавни функции.

Во тој поглед предлагам донесување на одлуки за:

Прво, огласување за избор на претседател и избор на неколку основни судови во Република Македонија,

Второ, одлуки за огласување за именување на јавни обвинители и заменици на основните јавни обвинители во Република Македонија.

Предлозите за донесување на одлуките за огласување избор односно за именување се доставени во писмена форма до сите пратеници во Собранието.

Затоа врз основа на член 42 и 45 од Законот за судови, врз основа на член 23 од Законот за Јавното обвинителство на Република Македонија и согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија има итна и неодложна потреба на денешната седница овие прашања да се разгледаат и да се донесат одлуки за истите прашања.

Тоа ќе биде во функција на ефикасноста на Собранието и на овие органи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за избор на претседател на Основниот суд во Дебар да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 67 пратеници.

56 гласале, од кои 53 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување избор на судија на основниот суд во Дебар да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 68 пратеници.

56 гласале, од кои 52 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 69 пратеници.

58 гласале, од кои 56 за, 1 воздр1ан, 3 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Кичево и Струмица да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Вкупно гласале 54 пратеници, од кои 50 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Државната изборна комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија и надоместоците на члeновите на органите за спроведување на изборите.

Предлогот на финансискиот план ви е поделен.

Го молам претседателот на Државната изборна комисија да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на финансискиот план да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Државната изборна комисија господин Стево Пендаровски.

СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не би сакал да одземам многу од времето за денешната седница во образложување на итноста на оваа точка од дневен ред, која ја предлагам како овластени предлагачи за денеска.

Познато е дека изборните дејствија се веќе во тек. Знаете дека по Одлуката на Уставниот суд за престанок на мандатот по сила на закон на 8 март вршителот на должноста претседател на Република Македонија ги распиша изборите, навлезени сме во втората недела од изборните дејствија. Вкупното времетраење на изборната процедура до првиот изборен круг од распишувањето на Решението е 40 дена и до крајот на оваа недела ќе ги утврдиме и листите на кандидати за претседател на Република Македонија. Значи најдоцна до крајот на оваа недела мора да имаме утврден финансиски план од Собранието, затоа што без тоа Државната изборна комисија не ќе може да влезе во ниту еден договор за плаќање на овие материјали и услуги кои се неопходни за легитимитетот и интегритетот на целиот изборен процес.

Значи, би замолил за разбирање на итноста. Во образложението имате по ставки што се бара и како се бара. Не сме излезени надвор од финансиските параметри кои Владата ги имаше утврдено во Буџетот, затоа што оваа година и така и така беше предвидена за изборна година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Државната изборна комисија Предлогот на финансискиот план да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласате.

Вкупно гласале 62 пратеници.

62 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

Дневен ред:

1. Предлог на финансискиот план за утврдување на трошоците за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија и надоместоците на членовите на органите за спроведување на изборите;

2. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кавадарци;

3. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Струга;

4. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Дебар;

5. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар;

6. Предлог на одлука за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства;

7. Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Кичево и Струмица;

8. Предлог на закон за јавни набавки;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон;

10. Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Дали има предлози или дополнување на предложениот дневен ред.

Процедурално бара збор госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, со Решението со кое вие ја свикавте оваа седница пишува дека се повикувате на член 63 став 2, член 64 став 2 и член 66 став 3. Секаде се спомнува итноста на седницата.

На оваа седница е Предлогот на законот за јавни набавки. Согласно член 175 од Деловникот по итна постапка може да се донесе закон кога е тоа неопходно

заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството, или кога тоа го бараат интересите на одбраната и безбедноста, или во случај на поголеми природни епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Вие материјалот за седницата ни го доставивте во средата, на самата сесија и вечерта беше доставен со помош на службените лица во Министерството за внатрешни работи, значи барам да ми образложите зошто е итноста на Предлогот на законот за јавни набавки, со оглед на тоа дека овој закон од денот на доставувањето до нас пратениците апсолутно немаше време, со оглед дека вчера имавме пратенички прашања да се споредат кои забелешки беа прифатени од страна на Министерството за финансии како изготвувач на овој закон.

Второ, барам оваа точка, со глед на тоа дека не ја гледам потребата за толку итна постапка да се донесе Предлогот на законот за јавни набавки, или евентуално да се образложи итноста барам оваа точка да се симне од дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Итноста беше побарана од Владата, а проценката беше моја дали итноста постои или не, јас ја ставив како итна точка на оваа седница.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Треба ли да биде образложена итноста согласно член 66 став 3.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За итноста да се образложи тука е министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Македонија е прд склучување на договор со Светската банка за реформи во администрацијата, таканаречен ФЕЈСЛ АРАНЖМАН, кој согласно Буџетот за 2004 година е утврден како приход на Буџетот во висина од 30 милиони долари. Сите услови за потпишување на договорот се исполнети, останаа уште два услови кои треба да се исполнат до 31 март. Еден од тие закони е Законот за измени на Законот за државна ревизија, кој ви е доставен во Собранието од поодамна и со оглед на настаните кои се случија не дојде на дневен ред, затоа баравме тоа да се случи денеска заради исполнување на тој услов и

Вториот закон кој помина во прва фаза во Собранието, а исто така треба да се донесе до 31 март од страна на Република Македонија согласно со преземенитe обврски е Законот за јавни набавки.

Законот за јавни набавки помина една фаза во Собранието и ова е втората фаза која е исто еден од таканаречените тврди услови за склучување на договорот со Светска банка да се донесе до 31 март о.г.

Со оглед дека во Собранието настана еден вакум во работата и општо во државните органи, а колку што сме информирани од понеделник Собранието заради другите случувања во државата нема да заседава, Владата побара на оваа седница да се донесе Предлогот на закон за јавни набавки со цел да ги исполниме условите да се склучи договорот за ФЕЈСЛ АРАНЖМАНОТ помеѓу Република Македонија и Светска банка кој е во висина од 30 милиони долари и кои средства служат за поддршка на платниот биланс на Република Македонија.

Итноста се бара од тие причини и ние цениме дека законот денеска треба да биде разгледан и донесен од Собранието на Република Македонија за да ги оствариме сите услови кои се од нас зацртани и планирани во 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска после објаснувањето за итноста дали стоите на вашиот предлог да се симне точката за јавни набавки од дневен ред.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Како што можев да го разберам министерот многу поважен е законот за ревизија, со оглед дека тој е врзан со ФЕЈСЛ 2 АРАНЖМАНОТ, а законот за јавни набавки не е толку важен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи останувате на вашиот предлог.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да, останувам на барањето да се симне точката од дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање Предлогот односно точката 8 - Предлог на закон за јавни набавки да се симне од дневен ред.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 64 пратеници.

12 пратеници гласале за предлогот, воздржани нема и 52 се против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има уште некој друг од пратениците во врска со изменувањето и дополнувањето на дневниот ред? (Нема).

Бидејќи никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 61 пратнеик.

56 гласале за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Поминуваме на првата точка.

(Марија Којзеклиска бара збор).

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Во името на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ со оглед на тоа дека не помина предлогот да се симне од дневен ред точката 8 - Предлог на закон за јавни набавки, а со оглед и на дневниот ред кој е дополнет со точките за избор на судии, со Одлуката на Државата изборна комисија за финансискиот план и со оглед на тоа дека се работи за Предлог на закон за јавни набавки немавме време да разгледаме кои забелешки се прифатени од првата фаза а кои од втората, барам пауза од 1 час за да можеме да ги подготвиме амандманите на Предлогот на законот за јавни набавки и да ги доставиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можеме барем првата точка да ја поминеме, бидејќи таа е ургентна, ако се согласувате.

(Не се согласуваат).

Пауза.

Имате пауза од 1 час.

Продолжуваме во 11,35 часот.

(Пауза од 10,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,45 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Дневниот ред го утврдивме, можеме да поминеме на првата точка, да ја поминеме барем расправата, додека се соберат за гласање.

**Минуваме на точката 1- Предлог на финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија и надоместоците на членовите на органите за спроведување на изборите.**

Предлогот на финансискиот план и Мислењето на Владата Ви се поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на финансикиот план.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот,

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање, а ни треба 61 пратеник.

Ги молам координаторите да дојдат .

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 45 пратеника, сите 45 гласале за финансискиот план.

Уште еднаш нека се утврди точниот број на присутните.

Во салата се присутни 63 пратеника, а во времето на гласањето имаше точно 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе финансискиот план.

Минуваме на точката **2 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кавадарви.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 62 пратеника, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **3 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Струга.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен, односно поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 63 пратеника, 56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **4 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Дебар.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 67 пратеника, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **5 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 66 пратеника, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **6- Предлог на одлука за огласување именвуање заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 66 пратеника, 57 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **7 - Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Кичево и Струмица.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 66 пратеника, 52 гласале за , нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на точката **8 - Предлог на закон за јавни набавки.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Абдулаќим Адеми, Талат Џафери..

Повелете г-дине Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, нашата пратеничка група, а верувам и други пратеници поднесе амандмани, но сеуште не се дистрибуирани и поделени на пратениците. Јас незнам како ќе отвориме амандманска расправа без да ги комплетираме сите амандмани.

Предлагам да почекаме да се дистрибуираат и да продолжиме со расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали може вака да се договориме. Проблемот е што дирекно одиме на амандманска расправа, а амандманите уште не се подготвени.

Како вовед министерот за финансии да каже неколку збора но тој вовед теба да биде сигурно половина час за да стигнеме со амандманите.

(Министерот за финансии  и претседателот на Собранието се договараат околу продолжувањето на седницата околу оваа точка).

Дали можам да ја прашам опозицијата за законот за државна ревизија сите амандмани се поднесени?

Предлагам да направиме една измена на редоследот, бидејќи е по Деловникот, сега да ја гледаме точката за државна ревизија, а во меѓувреме амандманите за јавни набавки ќе бидат подготвени и тогаш ќе ја гледаме точката  8.

Како претседател предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 56 пратеника, 53 гласале за, нема воздржани, а 3 против.

Предлогот е усвоен, но ги молам службите да го утврдат бројот.

Во салата се присутни 69 пратеници, што значи дека предлогот Што е изгласан е полноважен.

Минуваме на точката **9 - Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлгот за донесување на законот.

Дали министерот има нешто да каже?

Повелете министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се работи за закон за измена на Законот за државна ревизија кој е доставен до Собранието уште пред месец дена и затоа замоливме денеска, со оглед дека ќе има пауза, да се разгледа. Се работи за некои прилагодувања на Законто за државна ревизија со стандардите кои важат и во Светската банка и во Европската унија за оваа материја. Тие не се од обемен карактер, повеќе се во насока на прецизирање и на утврдување на поголема транспарентност и извештајност и за ревизиите и за државната ревизија.

Од тие причини ги замолувам пратениците денеска овој закон да биде донесен, со оглед дека не се големи измени и дополнувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 62 пратеника, 60 за, 2 воздржани, нема против.

Костатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојув апредлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Повелете госпоѓо Лалчевска процедурално,

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ве молам да го повторите гласањето затоа што е воочено дека колеги гласаат за тие до нив и да проверите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можете да ни кажете кој е тој. Јас не можам да го повторам гласањето, гласањето е тоа што е, кажете кој е, јас не сум видел никого.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 55 пратеника, 54 за, нема воздржан, 1 против.

Во салата с еприсутни, но дајте ве молам утврдете го бројот уште еднаш и ве молам немојте да станувате, седете на своите места, станува збор за три точки.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1; член 3, член 5 и на член 14 за менвуање на став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристана Лалчевска поднесе амандман на член 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Емилија Костадинова поднесе амандман за менвуање на член 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Крстевски поднесе амандмани на член 5 за менување на член 7, за менување на член 14 и на член 20 за менвуање на став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2, по  кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благородна Мингова-Крепиева поднесе амандман на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Амандманот не може да се прифати затоа што ако задолжителната ревизија се прошири од јавните претпријатија основани од Република Македонија на сите јавни претпријатија основани и од други субјекти, а тука, пред се, се мисли на единиците на локалната самоуправа, станува збор за проширување на опфатот задолжителен на ревизијата од субјекти кои ќе се бројат дополнително во троцифрени броеви и тоа ќе ја загрози можноста на Државниот завод за ревизија да изврши задолжителни ревизии точно кај оние кај кои има најголем ризик , таканаречена ризична група на големи буџетски корисници и големи јавни претпријатија.

Од тие причини за да не се загрози функцијата, овој амандман не може да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас го предложив овој амандман затоа што со амандманите на Владата кои станаа составен дел на текстот со амандманот 1 во членот 1 се бришат зборовите “основани од Република Македонија “ и со тоа се прошири опфатот на вршење на државна ревизија на сите јавни претпријатија, а не само на оние кои се основани од Република Македонија .

Јас мислам дека е потребно ревизијата да се врши согласно динамиката утврдена со Годишната програма на Државниот завод за ревизија најмалку еднаш годишно на сите јавни претпријатија, не само на ние кои се основаат од Република Македонија од причини што и во единствен алокална самоуправа со новите измени ќе можат да основаат јавни претпријатија кои исто така ќе трошат буџетски пари и на кои е потребно контрола во трошењето на тие пари.

Јас мислам ако ова не се прифати, се остава простор во овие јавни претпријатија кои ќе бидат основани на локално ниво да се трошат буџетски пари на општините без никаква контрола, а доколку се прошири ревизијата на барем еднаш годишно и на ова трошење на буџетските пари, навистина ќе воспоставиме контрола на трошење на тие пари на локално ниво.

Јас навистина разбирам дека тоа ќе биде обемна работа, меѓутоа, ревизијата за тоа постои, ако е потребно може да се зголеми и бројот на ревизорите кои ќе ги вршат контролите и кои ќе вршат ревизии посеопфатно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мораме да бидеме прецизни во изразувањето. Прво, јавните претпријатија не трошат буџетски средства, меѓутоа трошат средства кои се на некој начин јавни средства. Овде се работи за амандман кој бара задолжителна годишна контрола од страна на државната ревизија што е невозможно, затоа што се работи за стотици претпријатија и тоа ќе го ослаби капацитетот на Државниот завод за ревизија да може да ги контролира оние кои се големи потрошувачи и каде што можностите за дејствија кои не се согласно законот се апсолутно поголеми. Тоа е едната причина.

Втората причина е што тоа не значи ако не се задолжителни, дека тие нема да бидат опфатени од Државниот завод за ревизија. Затоа што Државниот завод за ревизија според овој закон има задолжителен опфат, тоа се буџетот, буџетите на општините, буџетските корисници од прва линија и јавните претпријатија основани

од државата, а другите по програма исто така ги контролира, меѓутоа не задолжително. Што значи дека некои ќе дојдат под удар една година, некои друга година и ќе мора да работат согласно законот зошто ќе бидат под ревизија, меѓутоа сите да бидат секоја година, треба да имаме државен завод за ревизија кој ќе биде по број на вработени и екипираност поголем од голем број од големите државни институции. Тоа е невозможно да се извршат контроли секаде, затоа што опфатот на субјекти кои се под удар на Законот за државна ревизија е некаде одколу 1400 субјекти кои подлежат на ревизија. Ако се воведе задолжитено за сите 1400, можете да замислите во еден работен ден треба 4,5 ревизии да се завршуваат, тоа е апсолутно невозможно и затоа остануваме на концепцијата дека задолжителна е кај тие што се наведени во членот од законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Само накратко, дел од тоа што сакав да го кажам, министерот го кажа. И ако добро се познава проблематиката на општинските јавни претпријатија ќе се види дека тие трошат еден минимален дел буџетски средства само по одрдени програми кои што се финансираат, но тоа е минимален дел кој што го користат општинските јавни претпријатија. Но, сепак се користат граѓански пари од граѓаните кои што ги даваат за одредени услуги и со оглед на тоа што неколку пати сме дискутирале за оваа проблематика и ако доведеме до ситуација да воведеме конкуренција и ангажирање на приватни претпријатија за давање на одредени комунални услуги, овој дел ќе биде отстранет. Но, она што сакам посебно да го кажам за овој амандман и сметам дека барем во оваа фаза и на ваков начин не би требало да биде прифатени од една едноставна причина, незнам колку колегите се запознаени оние кои работеле во јавни претпријатија општински знаат дека со постоечкиоте начин на организација на државната ревизија и начинот на финансирање општинските јавни претпријатија кои што подлежат на ревизија плаќаат висока цена за извршената ревизија. Ќе ви кажам само за едно претпријатие, на пример кое што има годишен приход од 25,30 милиони денари, ревизијата му бара околу 200,250 илјади денари, да видиме како е за помалите, за поголемите тоа е 400, 500 илјади денари. И на еден ваков начин ако навистина ги обврземе задолжително да имаат ревизија, тие и онака се во една тешка состојба, не навлегувајќи во овој момент во причините зошто се такви општинските јавни претпријатија, ќе ги доведеме до дополнителен трошок. Не сум против да имаат ревизија, ако треба и задолжителна. Но, треба да изнајдеме

начин тогаш како ќе ја финансираме државната ревизија за да може во толкав обем да ја врши ревизијата. Затоа во овој момент со оглед на тоа што и најмногу тие се задолжени да одговараат за својата работа и пред општинските совети и органите на единиците на локалната самоуправа, треба да се размислува начинот на контролата кој што покрај постоечкиот начин кој што го имаат преку надзорниот орган, или Управниот одбор, со децентрализацијата во единиците на локалната самоуправа да се овозможи со екипирањето на органите кои што ќе ги вршат активностите од областа на финансиите да се врши таа контрола. Уште еднаш ќе повторам, не сум против тоа да може да се врши контрола, но во овој момент ако ги обврземе за задолжителна ревизија, сметајте дека секое јавно претпријатие на општинско ниво го задолжуваме секоја година со најмалку уште 200, 300 илјади денари, а оние поголемите можеби и со повеќе. Затоа во овој момент сметам дека амандманот не треба да се прифати. Но, кога ќе расправаме за финансирањето на државната ревизија, тогаш можеме да отвориме расправа на поинаков начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеници, 10 гласале за амандманот, 2 воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека амандманот го прецизира и го рационализира текстот во истата насока во која е, амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржани, 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеници, 12 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан, 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот има тенденција да биде од технички карактер, меѓутоа го заменува зборот “заедно”, со зборот “само”. Не сум сигурен дека ќе предизвика техничко подобрување, а може да предизвика толковен проблем после тоа дали ќе биде “само” и “заедно” едно исто и затоа мислам дека е подобро да не го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеници, 13 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 51 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека Владата поднесе амандман на овој член во амандманите кои се дополнително доставени до Собранието, сметаме дека таму подобро се формулира истата оваа материја која е и со амандманот на господинот Зоран Крстевски и затоа не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 1 и за додавање на нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот 5 е од наш агол гледано порестриктивен за Државниот завод за ревизија затоа што Комисијата согласно со законот ја избира државниот ревизор, а овде се даваат и дополнителни услови дека тројца мора да се претставници на Државниот завод за ревизија и двајца членови од високообразовни установи. Државниот ревизор може и таква комбинација на избор да направи. Законот му овозможува сам да ги именува.Од тој агол гледано не мислиме дека треба да се ограничува неговото право на избор. Меѓутоа, останува да бидат луѓето кои се инволвирани во Комисијата овластени државни ревизори.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 59 пратеници, 10 пратеници гласале за, нема воздржани, 49 гласале против.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Благородна Мингова - Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не е од техничка природа, туку од суштинска природа и го подобрува текстот. Спремни сме да го прифатиме тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 62 пратеника, 59 пратеници гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

Сега се враќаме на претходната точка.

Ќе ги поминеме овие амандмани, а во меѓувреме ќе дојдат и другите амандмани.

Се навраќаме на точката 8 - **Предлог на закон за јавни набавки.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Абдилаќим Адеми, Талат Џафери и Недим Рамизи, поднесоа амаднмани на член 30 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 1 став 1 за менување на алинеја 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристана Лалчевска и Љупчо Мешков, поднесоа амандмани на член 99 за менување на став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Роза Топузова - Каревска и Нелко Стојановски поднесоа амандмани на член 72 став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска поднесоа амандмани за менување на насловот пред член 22, член 22 за менување на став 1, член 67 став 1 алинеја 3, и на член 99 за менување на став 4 по кои Владата не се произнела.

Има збор пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Имајќи предвид дека во амандманот кој што ние го предложивме, претставникот на Владата бара усогласување, односно дополнување на овој амандман. Заради ова бараме пауза од 30 минути за да можеме да го разгледаме предлогот на претставникот на Владата и да го усогласиме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,15 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски поднесоа амандман на член 12 став 3, за бришење на член 15, член 22 за бришење на став 5, за бришење на членовите 33 и 34, член 41 став 1 алинеја 3 и на член 58 за бришење на став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулаки Адеми, Недим Рамизи, Талат Џафери и Теута Арифи, Аднан Јашари, Јусуф Арифи и Невзат Бејта, поднесоа амандман на член 30 став 1, по кој Владата не се произнела.

Претходните амандмани ги прочитав во претпладневната сесија.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Абдулаки Адеми, Талат Џафери и Недим Рамизи.

Збор има пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседателе.

Сакам да ве информирам дека во име на предлагачите на амандманот 1309/2, поднесен денес во 10,оо часот во повлекуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, првиот амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Абдулаки Адеми, Недим Рамизи, Талат Џафери и Теута Арифи, Аднан Јашари, Јусуф Арифи и Невзат Бејта.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман се прифаќа и со прифаќањето на овој амандман практично таа одредба од Законот ќе ја доведеме во согласност со европските директиви за јавните набавки, кои пропишуваат само во Службениот весник на односната држава да се објавуваат како задолжителни. А, се разбира, по формирањето на Бирото што е составен дел на овој закон и на веб сајтот на Бирото. Од тие причини го прифаќаме тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 за менување на алинеја 3, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нас ни е жал што не дојде до усогласување помеѓу нас и господинот Јашари на овој амандман, затоа што бевме спремни некои од идеите на овој амандман да се надополнат на алинејата 3, каде што се однесува амандманот. Меѓутоа, господинот Јашари остана чисто да остане неговиот амандман, а не прифати дополнително усогласување и тоа не можеме да го прифатиме од причина што со неговиот амандман се исклучува ставот дека законот ќе се однесува и на претпријатија во кои покрај во Собранието, односно во Собирот на содружниците има половина државата, да има едновремено и повеќе од половина членовите на Управниот или Надзорниот одбор на претпријатието или друштвото. Иако е тоа логично, ако се има во Собранието, ќе се има и во Управниот и во Надзорниот одбор, меѓутоа

европските директиви јасно пропишуваат дека треба да се има и во Управниот и во Надзорниот одбор на претпријатието изрично повеќе од половина, како контрола, за да законот се применува и на тие претпријатија. За да не дојдеме во конфликт, ние во ваква форма, чист амандманот за жал ќе мора да го одбиеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Јашари, имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Да ви кажам право пред да почнам со амандманот  кој денес го поднесов, имав дилеми дали да поднесам амандман само на точката 3 алинеја 1, или да го опфатам целиот член 1, затоа што сум длабоко убеден дека членот 1 вака како што е формулиран е во директна спротивност со некои начела во трговското право. Сакам да информирам дека субјектите, општо субјектите во економијата или во трговијата кај нас, покрај, да кажам право, покрај тоа што ги делиме во неколку категории, тие што имаат профитабилен и тие што немаат профитабилен карактер, тоа се друштвата кои што кај е регулирано со Законот за друштвата на граѓаните и тие што имаат профитабилен карактер, кои што кај се регулирани со два закона, Законот за трговски друштва и Законот за јавни претпријатија. Ако го анализирте членот 1 во неколку прилики ќе видите дека се во спротивност со начелата кои што се опфатени во овие закони. Јас не сакам да кажувам детали во врска со мојот амандман, меѓутоа ќе се концентрирам на тоа што е нагласено овде. Посебно на членот 1 алиенај 1 точка 3 за кој што и  сум поднел амандман, каде меѓу другото во текстот се вели: Ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови на акционерите, додека од друга страна на почетокот на алинејата се вели: Јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност. Акционери, почитувани колеги се само основачите кои што поседуваат акции и тие акции или капиталот во акција е поделен само во акционерското друштво. Погоре се говори за јавни претпријатија, се говори за друштва со ограничена одговоросног, капиталот кој што е поделен не на акции туку на удели, тоа што вие го нарекувате удел и во овие друштва немаме акционери, туку имаме основачи или уделници. Од друга страна, овде продолжува во текстот, се вели: Именувани од мнозинството членови на Управувачкиот одбор или на надзорниот одбор. Ако државата во некој совет има повеќе акции, или има повеќе

гласови, меѓутоа во собранието на акционерите или во тоа што вие го нарекувате собир на содружници, тогаше логично да тие органи се одберат од мнозинството акционери. Значи, повеќето поседувачи на акции и тие што поседуваат повеќе удел во собирот на основачите.

Токму поради ова што јас го реков и го предложив амандманот, не за некое друго прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Прво, благодарам на нашиот колега на пратеникот Јашари за образложението што го даде. Јас во начело се согласувам со тоа што тој го кажува и затоа го замоливме на алинејата 3 да го надогради тоа што тој сега го образложи. Во неговото образложение, меѓутоа не дојде до тој процес и мене ми е жал. Во неговото образложение имаше сега, ако преводот добро го разбрав од македонски еден клучен збор, дека ако имаат мнозинство во собранието или во собирот на содружниците логично, значи повторувам, логично, така се изразивте, ќе имаат и во органите на управување и надзорниот одбор и тоа е така.

Меѓутоа, европските директири од нас бараат да напишеме во законот дека не логично ќе имаат, туку мора да имаат неопходно, ако ваму имаат и во управниот и надзорниот одбор мнозинство. Ние сега, заради тие причини не можеме да го отфрлиме и за овој амандман и за уште некои амандмани кои се тука поднесени, па и за целината на законот би сакал да го соопштам следново. Овој закон е во висока мера усогласен со европските директиви, во висока мера. Не е усогласен само во некои делови, или во некои поединости, за кои ние превземаме обврска дека кога ќе почнат преговори за членство во Европската унија после нашава апликација во некој период кој сеедно кога, ние ќе го доусогласиме на тој начин што ќе усогласиме и други закони кои уредуваат, како во овој случај односи кои не се уредени со овој закон.

Значи, кога ќе го усогласиме законот за трговски друштва целосно со европското законодавство и со директивите, ќе дојдат до нужни промени во овој закон и уште некои такви. Меѓутоа, ако тој процес целосно го ускладуваме во сите закони, ќе се најдеме во една позиција дека ќе треба во еден ден да донесеме 300 или 400 закони, секој со секого да биде во истиот момент усогласен. Тој процес

практично ќе биде невозможен, а со оглед на почетокот дека кажав дека овој закон го спремавме и со Агенцијата на Европската унија СИГМА и со експерти од Светска банка, ние после неколкумесечни преговори конечно усогласивме што е прифатливо и за нас и за Светската банка и за Европската унија, дека е доволно усогласен со нив. А, дека последните чекори ќе ги направиме кога ќе се створат и други законски услови, па искрено да кажам дури и кога ќе се створат некои позиции во Уставот да бидат усогласени со тоа што европското законодавство го третира. Пример;:европското законодавство се повикува на поимот јавни институции од јавното право. Институциите од јавното право во нашиот Устав не се дефинирани. Тие се дефинирани како органи на државна управа, државни институции, јавни претпријатија и тн. Значи, поимот институции од јавното право и незнам што друго, јас не сум правник, не се дефинирани во Уставот, иако тие инсистираат овој закон клучната одредба да биде дека се однесува за институциите од јавното право. Значи, ние прво ќе мора тие институции во некој друг закон, незнам дали и во Уставот, тоа ќе го кажат правниците ако дојде време за тоа, да ги воведеме, па да го ускладиме и овој закон. Тие отстапки се направени, меѓутоа голем дел од одредбите на овој закон што е можно се од директивите на Европската унија за јавни набавки кои се пообемни и многу прецизни. Значи, Европската унија за јавните набавки има широка лепеза на директиви, многу прецизно разработени постапки. Ние се обидовме што е најмногу можно да ги имплементираме.

Господинот Јашари тоа што го кажа е така, меѓутоа ние не можеме да го исфрлиме зборот, односно одредбата дека во претпријатијата или друштвата акционерски каде и што и управниот и надзорниот одбор треба да се има мнозинство, затоа што тоа е европска директива, а не е во овој момент инкопатибилно со нашето законодавство и затоа го вметнавме.

Може и за некои од наредниве амандмани едновремено да кажам дека ќе се најдеме во иста ситуација. Дека има некои за нас навидум нелогични постапки и однесувања или некои отстапки кои ги правиме према европските легислативи. Меѓутоа, целината на законот е прилагодена на европското законодавство. И овој процес на прилагодување ќе биде чуден и макотрпен, меѓутоа ќе мора да го поминеме. Затоа повторно кажувам дека амандманот не можеме да го прифатиме, а доколку дојдеше до поинаква нумерација врз основа на нашето укажување овде, ќе го прифатевме, меѓутоа сега тоа е тоа. Ќе чекаме подобри времиња и мене ми е жал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сакам само накратко да го изнесам своето мислење. Со оглед на тоа што една ваква проблематика отворивме и на Комисијата за финансирање и буџет и можеби малку и пошироко ја отворивме, со оглед на тоа што се поставува прашањето, на пример да го земеме “Телеком”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски, дискутирајте по амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

По амандманот претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, немојте примери “Телеком”. Сакаме да бидеме ефикасни, да завршиме. Зборувајте за амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претседателе, вие не знаете што јас ќе зборувам, зошто го спомнав “Телеком”. Прво во “Телеком” државата има 49% од акциите. И ние го отворивме ова прашање дали треба да се третира баш со овој амандман и на ваков начин. Ќе ве замолам, дослушајте за што сакам да зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, барам извинување ако ми го дадете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед на тоа што набавките во претпријатијата каде што државата има значителен дел од акциите, од 48%, 49%, значи преку 40% нема никакво влијание државата при вршењето на набавките. Оттаму, ни се случуваат во таквите институции, во таквите претпријатија да имаме големо одливање по основ на набавка а со тоа големо одливање од добивката која што треба да ја оствари државата со учеството во тие претпријатија, во тие институции.

Затоа сметам дека можеби во европското законодавство со тоа не е така решено и многу работи не се така решени, но тие пак многу ги почитуваат и правниците сигурно знаат подобро од тие обичајни права или незнам кој друг начин и подобар однос имаат кон набавките кои се вршат во тие институции, затоа не доаѓа до одливање на капиталот. Во нашиов случај, затоа сметам дека треба да се изнајде заедничко решение, неуспеале за жал предлагачот на амандманот и Министерство за финансии да постигнат согласност, но ние како држава со оглед на

нивото кое што го имаме сега на транзиција, мораме да изнајдеме начин. Не само за овие вакви јавни набавки, туку и за набавките во акционерските друштва каде што некој има 1% од акциите и за сметка на тоа добил на управување со потписи, за сметка на тоа го уништува капиталот преку набавките.

Затоа, сметам дека ако сега, еве бидејќи министерот не го прифати, сум убеден дека нема да се изгласа, ние во иднина мора ова прашање да го разрешиме.

Благодарам, мислам дека беше во склоп со амандманот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно, јас уште еднаш се извинувам што ве прекинав.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 56 пратеници, 15 гласале за, 3 воздржани, 38 против.

Во салата се присутни 55 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за менување на став 4, поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Овој амандмам е сличен со уште еден амандман што е поднесен од Спиро Мавровски дека е, не е, од Жарко Караџоски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе дојдеме и до тој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од Жарко Караџоски има сличен амандман на амандманот на госпоѓата Ристана и на Мешков. Во оригиналното ршение на законот стои дека треба за претседател на комисијата да се избира лице со исти квалификации како и за избор на судија. Значи, тоа што по нашето законодавство ќе биде квалификација за избор на судија, да биде и квалификација за претседател на Комисијата за жалби во второстепена постапка за јавните набавки.

Со овој амандман се прецизира тоа да биде лице кое е дипломиран правник со положен правосуден испит. Во овој момент тоа е знак на еднаквост, во одреден случај. Меѓутоа, со европските директиви е пропишано дека за претседател на

второстепената комисија за јавни набавки треба да има, претседателот за да биде избран под исти услови како и судија. И ние ја применивме таа одредба, како ќе се менува во нашето законодавство изборот на судија, ако и таму го усогласуваме со европското законодавство, ќе дојде и по автоматизам и овде усогласено. Затоа сметаме дека треба да остане оваа одредба која произлегува од европските директиви.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа, не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Во членот 99 став 4 точно е она што го вика министерот, меѓутоа не е кажано за каков судија, затоа што во нашето законодавство ова е еден вид упатна норма која не упатува на Законот за судови, каде што треба да ги видиме условите под кои се бира судија. Меѓутоа, во нашето законодавство изборот на судија е различно, различни се условите за избор на судија за судија во основен суд, за судија во апелационен суд и судија на Врховен суд. Значи, оваа норма воопшто не е јасно кажана за каков вид на судија се работи. Јас го почитувам тоа што го кажа министерот дека е во склад со директивите, меѓутоа не е во склад со нашето законодавство, затоа што кај нас решенијата се малку поразлични.

Ако тргнеме од тоа дека се бира судија на основен суд, тогаш условите викаат дека покрај општите услови и положениот правосуден испит, потребно е да има над пет години работен стаж после положувањето на правосудниот испит. За апелационен суд имаме над 7 години и за Врховен суд над 10 години. Сега се доведува во прашање какви услови треба да ги исполнува лицето кое ќе биде претседател на Комисијата за жалби. Од тие причини, значи од недореченоста и некомпатибилонста со нашето законодавство, ние го предложивме овој амандман. Тој е јасен и кажува дека лицето треба да има положен правосуден испит, да е дипломиран правник со положен правосуден испит, а секако оној што положил правосуден испит има и одредено работно искуство, затоа што пак за положување

на правосуден испит се потребни одреден број на години работен стаж. Од тие причини го предложивме овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам повелете министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ја прифаќаме забелешката на госпоѓата Лалчевска за непрецизноста на зборот судија. За да останеме на линија на европските директиви, а за да го прифатиме нејзиното укажување што е логично и точно, предлагам амандманот да се преформулира и во ставот 4 на членот 99 од Законот, каде пишува - и за избор на судија, да се дополни со зборовите “на основен суд”, ништо повеќе и тогаш ќе бидеме прецизни. Верувајте дека е потребно да одиме со терминологијата што е во европските директиви. Судија на основен суд се мисли, ние не сме го ставиле тоа така, може да се подразбере и Врховен, што се согласувам дека е така и во тој случај предлагаме да пишува - судија на основен суд, само да се додаде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Направете ја процедурата, нека се предложи таков амандман од страна на било кој пратеник, па тогаш прифатете го. Сега амандманот вака не го прифаќате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не вака, меѓутоа, ако дозволите согласно Деловникот е можно заради самата процедура, ако пратеничката се согласува предлагач, во член 99, став 4, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “на основен суд”. И тогаш амандманот мислам дека е усогласен со тоа што госпоѓата Лалчевска го кажува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако тоа деловнички не е, тоа беше во вашиот мандат направено, но еве јас ќе го прифатам тоа, дали пратеничката Лалчевска го прифаќа вака дефиниран амандман.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи го прифаќате така дефиниран амандманот.

Повелете господине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Господине претседателе да не ја комплицираме работата, амандманот кој што јас го поднесувам и тие услови кои што се таму напишани, станува збор за судија на основен суд. Значи дипломиран правник со положен правосуден испит и пет години работно искуство. Тоа се услови за судија на основен суд. И не ја гледам разликата. Зошто сега да правиме наново амандмани, кога е тоа тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашиот амандман може да биде, што јас знам кога ќе дојдеме до тоа ќе видиме дали е исправен или неисправен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е иста работа, само комплицираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но јас сега одам по редослед. Овој амандман со оваа измена што е прифатена од предлагачот е усвоен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 4 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Лилјана Ивановска, Петар Апостолов, Роза Топузовска Каревска и Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа, иако и основното решение во законот е согласно со европските директиви, меѓутоа за да не оставиме никаков сомнеж или можност за различно толкување, овој амандман го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот.

Одиме сега на амандманот еден.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред членот 22 поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот делумно го прифаќаме и прифаќаме зборот “отфрлање” да се додаде во насловот. Што значи насловот “исклучување на понудата и поништување на одлуката” прифаќаме да гласи: “исклучување на понудата, отфрлање и поништување на одлуката”. Значи зборот “отфрлање” да се додаде во насловот

после зборот “понудувач”. Тоа го прифаќаме, тој е малку модифициран и го прифаќаме со таква измена ако се сложува предлагачот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот како што е предложен не го прифаќате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Како што е предложен во таква форма не, затоа што зборот “исклучување” е исто така европска директива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сакам само да укажам и покрај тоа што министерот за финансии со досегашното образлагање по однос на сите амандмани ги користиме или усогласуваме со европските директиви. Сепак постои определена правна терминологија кога се вели исклучување, отфрлање, одбивање, сите тие имаат различни значења. Исклучување на понудувач, од што ќе го исклучиме, од каде? Од каде тој пунудувач ќе биде исклучен. Можеби англискиот збор и значење има во европското законодавство, меѓутоа преведено на македонски исклучување, навистина не е правна терминологија. Сепак се работи за закон. Министерот понуди и некое решение делумно, значи исклучување на понудувач, отфрлање и поништување на одлуката. Јас уште еднаш ќе барам од министерот да се размисли, зборот ќе го исклучи.

Во однос на вториот амандман попрецизно ќе го образложам исклучувањето од ова. Инаку така како што е прифатен како што вели министерот го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не сакам да згрешам деловнички. Чекаме да се направи кворум. Таков амандман каков што министерот пред вас модифицира, ве молам излезете да го напишете, да се отчука, и тогаш донесете го овде и ние ќе го гласаме, бидејќи амандманите се предлагаат додека трае расправата, за да има овде и писмен документ.

А сега, бидејќи е вака дефиниран, министерот не го прифати, го ставам амандманот на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 42 пратеника, 6 гласале за амандманот, 1 воздржан и 35 против.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеника. Со тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе јас барав збор уште пред да го ставите амандманот на гласање. Не ја гледам причината зошто не ми дадовте збор. Ме забележавате, меѓутоа, не ми дадовте збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакав нешто да кажам меѓутоа помина амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот може да се обнови на начинот на кој што министерот предлага и госпоѓа Којзеклиска се согласи. Затоа јас барам таков амандман да ми доставите.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не слушнав дека госпоѓата Којзеклиска се согласи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се согласи.

Повелете господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас имам начела забелешка, меѓутоа, бидејќи пратениците  Талат Џафери, Недим Рамизи, Абдулаким Адеми, го повлекоа амандманот и се замени истиот со друг амандман. Јас ќе предложам амандман господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате време да предложите амандмани во текот на целата расправа. Не можете вие усмен амандман да предложите.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас ќе го предложам истиот амандман, а вие ќе одлучите по тоа.

Јас не ви го оспорувам правото вие да одлучите како претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Насуфи.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за менување на став 1, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е врзан со претходниот амандман за кој разговаравме со Караџоски и Којзеклиска, каде што се бара во насловот да се исфрли зборот “исклучување” и соодветно на тоа, во ставот 1 сега исклучувањето да се замени со “одбивање на понудата”.

Ние останувaме на ставот 1, како што е формулиран во законот и интенцијата во тој член и на тој став е доколку се исполнат условите, кои се наведени, да не ги читам пред вас, понудувачот да може да биде исклучен од постапката од страна на набавувачот. И таа постапка исто така со овој закон се регулира и таа постапка е соодветна и на постапката што ја имаат земјите членки на Европската унија, кон која и ние се стремиме.

Сметаме дека ако постои правосилна судска одлука дека понудувачот нудел подарок, паричен или непаричен подарок на вработен кај набавувачот кој врши јавна набавка, дека понудил вработување или било каква друга корист на тој кој одлучува, или предмет или услуга и со тоа сака да влијае на одлучувањето или на текот на постапката за јавна набавка, таквиот понудувач треба да биде исклучен од постапката за јавна набавка.

Ние оваа одредба ја прифаќаме и сметаме дека е добра, таа и постои во Европското законодавство, меѓутоа, и без тоа сметаме дека е добар основ да исклучиме било какво влијание кое е незаконско во таа постапка, секој да мора да знае дека при такво однесување ќе биде исклучен целосно од постапката, па макар имал и најдобри услови. Затоа инсистираме да остане зборот “исклучува”, наместо “одбива понуда”, во формулација која е тука напишана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот значи не се прифаќа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Се или не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се прифаќа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Во расправата кога го имавме Предлогот за донесување на закон за јавни набавки многу колеги од позицијата и од опозицијата укажуваа на тогашниот член 20 дека набавувачот ќе го одбие, така стоеше во претходниот текст, понудувачот ако има на располагање само веродостоен доказ. Во овој предлог е доставена правосилна судска одлука и тоа е добро да стои правосилна судска одлука. Меѓутоа,

дали таа правосилна судска одлука треба да се однесува на некое кривично дело, кое го има понудувачот за некој претходен тендер, затоа што ова е почеток на постапката за јавни набавки. Значи, во исто време треба да оди паралелно постапката за набавка и постапка за определено кривично дело, затоа што правосилна судска одкука, се донесува за кривични дела. Не се донесува за нешто друго. Дали понудувачот на вработен набавувачот дал или ветил подарок, има кривично дело давање поткуп, примање поткуп и останати кривични дела од Кривичниот законик.

Интенцијата на нашиот амандман е токму тоа. Немаме прецизирање на одредбата. Не е доволно само да се каже правосилна судска одлука. Прво времето во која се донесува таа, на кој се однесува, на понудувач што бил претходно осуден за нешто, па во тој тендер некои од другите учесници ја даваат таа правосилна судска одлука, или се работи за некое кривично дело кое мора, ако се работи за правосилна судска одлука да биде прецизно утврдено со Кривичниот законик. Вака како што е формулиран членот 22 став 1, апсолутно не држи, иако зборот “исклучи”, ако се нафатиме на тие европски директиви, не е поврзан со останатиот дел и не е усогласен со нашиот правен систем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи да појасниме. Не е проблемот само дали ќе стои набавувачот ја одбива, или ќе биде исклучен, многу поголем проблем е текстот каде што се спомнува веродостоен доказ и во заграда правосилна судска пресуда. Јас морам да потенцирам дека веродостоен доказ и правосилна судска пресуда, не е едно исто. Затоа што веродостоен доказ подразбира многу повеќе докази да ги речам, кои што можат да бидат основ за исклучување, или одбивање. Доколу правосилната судска пресуда не се знае што е. Тоа е една работа. Значи веродостоен доказ може да биде и платен налог, може да биде и фактура, може да биде и многу други работи, многу други документи и заради тоа ставањето во заграда, не е јасно сега за што станува збор. Тоа е една работа.

Втора работа, кога се пишува правна норма не е пожелно да се ставаат во заграда некои работи, за да заградата служи за објаснување на претходно. Сега овде ние објаснуваме нешто, кое што може да биде различно толкувано. Понатаму, објаснувањето сето тоа што се зборува понудувачот да даде подарок и така натаму е инкриминација на кривично дело, кое што е познато во Кривичното законодавство.

Ако стои зборот правосилна судска пресуда, се знае дека таа може да се однесува исклучива на кривично дело. Значи кривична пресуда. Заради тоа, амандманот вака го напишавме, како што го напишавме. Значи има нејаснотии кои не се проблем само со европското усогласување, туку има проблеми со нашата легислатива. Од тие причини, ние понудивме ако сега смета зборот "одбие", не мора да стои зборот "одбие", нека стои "исклучиво". Меѓутоа или да отпадне веродостоен доказ, или да отпадне правосудна судска пресуда и не треба толкаво објаснување на инкриминацијата што може да биде за овие дела.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Внимателно ја следам расправата господине претседателе и мора да кажам дека ние немаме разлики помеѓу во овој случај Владата како предлагач и предлагачите на амандманот во врска со суштината на одредбата, а тоа е ако некој се обиде, кажано со поинаков речник да корумпира, да дава мито или да дава други услуги од страна на понудувачот кај набавувачот во процесот на јавна набавка, тој мора да знае дека врз основа на таков акт може да биде трајно исклучен од процесот на јавни набавки.

Инаку, ова што го кажува госпоѓата Којзеклиска да, и од претходниот период. Значи законот од сега ќе важи за ен период и тоа значи ако некој во процес на јавни набавки така се однесува ќе биде исклучен од сите наредни процеси на јавни набавки ако конкурира како понудувач.

Со оглед дека немаме разлики, колку што гледам, а само имаме различна терминологија во истиот случај како што зборував и понапред и вие и ние во министерството неколку месеци цела работна група, заедно и со експерти и од Европската унија и од Сигма и од Светската банка работевме верувајте, дури и збор по збор, меѓутоа немаме решение за фактот дека процесот на усогласување со европското законодавство може да се случи во еден момент одеднаш за сите.

Значи некои закони, кои отсега натаму ќе ги усогласуваме ќе прејудицираат нешто или ќе воведуваат институти. И од тој агол сепак би останал на текстот на законот кој е понуден овде.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас се согласувам со министерот, затоа што и тој самиот кажа преѓеска дека не е правник, туку е економист и можеби во работната група на Министерството за финансии нема доволно правници почитуван министре за да можеме да ја

усогласиме терминологијата и да го обезбедиме она што го бара самиот закон. Министерот рече дека немаме суштински разлики, меѓутоа, терминолошките разлики и начинот на упореба на самиот став 1, сепак натаму ќе имплицира и на Првостепената комисија која ќе решава по жалбите како ќе оди постапката.

И уште еднаш да напоменам, се работи за паралелен процес во исто време лицето е понудувач за извршување на определени работи со одредени јавни набавки, значи во исто време имаме паралелен процес кога другите понудувачи ќе треба да трчкаат и да видат дали тој има правосилна судска пресуда, ако истиот порано учествувал  и ветувал подароци итн. И останувам на ставот дека треба да бидат прецизирани кривичните дела. Правосилна судска одлука се донесува за кривично дело. Оваа е премногу општа формулација и затоа барам ако министерот се согласи амандманот да биде прифатен така како што го имаме дадено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Токму од овие причини ние во законот нудиме и тоа колку што досега гледаме не е спорно за никој во Собранието, и во пошироката јавност да се  формира биро за јавни набавки како орган во состав на Министерството.

Една од работите на бирото за јавни набавќи ќе биде токму и тоа да следи и тоа е Централно Биро во Македонија. Доколку се случи да има ваков случај, тогаш бирото за јавни набавки има можност кај сите јавни набавувачи да достави кои се тие кои однапред, ако конкурираат треба да бидат исклучени по тој основ. Затоа  ние ќе формираме сега биро, инаку тоа е едно од степенот на усогласувањата со ЕУ. ЕУ бара да има независна агенција, државна агенција за јавни набавки како препорака по нивните директиви, меѓутоа, ние тоа ќе го направиме во втората фаза од усогласувањето, кога ќе почнат финалните преговори, после неколку години веројатно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 64 пратеници, 58 гласале вкупно, за амандманот гласале 12, воздржано гласале 1, а 45 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1, алинеја 3, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претходно, при расправа по еден друг амандман, некој од пратениците кажа дека во Европа владее и тн., обичајно право или узанси на однесување.

Зборот "од крајна итност"  и ако остане и ако не остане во амандманот, во членот, нема суштински ништо да ромени. Затоа што во двата случаеви тој механизам се применува при елементарни непогодо, епидемии, заразни заболувања или настани предизвикани од виша сила. Ова се условите под кои ќе се активира тој механизам.

Е сега, во членот стои "причини од крајна итност" што се предизвикани од ова што наброив, а амандманот предлага да се избришат зборовите "од крајна итност" и само да биде "причини предизвикани од" тие настани. Значи, нема суштинска разлика. Истото е. Меѓутоа, повторно е проблемот каде што и другите амандмани, ние со тој процес се плашам дека од сега натаму ќе се соочуваме со сите закони што ги усогласуваме со Европското законодавство. Некои поими што таму постојат, нам ни се потребни, полуприфатливи, ќе треба да станат и за нас. Таму стои дека и во тие случаеви, како крајна итност, овој механизам се активира. А, и да не стои крајна итност, само во тие случаи го активираат.

Затоа, ајде да бидеме со добра волја кон директивите на ЕУ и да го задржиме нивниот речник на изразување да речам. Затоа, подобро овој амандман, иако нема суштинско значење да не се прифати, да остане тоа што е во текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, според нас сметам дека има разлика. "Крајна итност" е категорија што треба субјективно да ја цениме што е крајно, што е сомнително, што не е итно итн., за да не создава забуна, затоа побаравме да се брише таа. Инаку,во правото се знае,крајна нужда итн., има разни видови.

Меѓутоа, бидејќи министерот толку инсистира да бидеме усогласени со законодасвството на ЕУ, и ако толку е битен овој збор, ајде да не правиме проблем, ние ќе го прифатиме тоа и го повлекуваме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Одиме на 4-от амандман од оваа група на амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за менување на став 4, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со прифаќањето на модифицираниот амандман на г-ѓа Лалчевска, овој амандман се однесува на истата работа. Сметам дека е подобро да остане амандманот модифициран на госпоѓа Лалчевска и Мешков, затоа што уредува услови за судија за основен суд. А, овде ги дефинира точно кои се тие. Подобро да остане претходната формулација, затоа што ако во тој закон се сменат условите, по автоматизам ќе се сменат и во овој закон. Ме разбирате г-дине Караџоски. Значи, тој закон, ако ги смениме неговите услови, да не ги меруваме и овде законите, туку по автоматизам и затоа е подобро да остане амандманот што веќе се прифати, а тоа е истото, нема никаква разлика.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи дека вие формално овој амандман не го прифаќате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Карааџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само претседателе, да не настане забуна. Анмандманот онака како што се преформулира од страна на министерот е амандманот на Лалчевска. Ако се смета за прифатен, со оглед дека неподнесовме писмен накнадно, ако се смета стенограмски прифатен, да не правиме други, дополнително.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На патеничката Лалчевска беше прифатен.

Но, имаше уште еднаш некоја таква препорака од министерот што јас не ја прифатив и барав да се направи амандман. Инаку, амандманот на пратеничката Лалчевска е модифицираниот амандман.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако е тоа така, бидејќи не ми беше јасно, поради тоа останав на овој амандман, со оглед дека е прифатен стенограмски, јас го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски.

Ова е првиот амандман од таа група на амандмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дозволете почитуван претседателе и почитувани пратеници за овој амандман да кажам неколку зборови од говорница, затоа што сметам дека е еден од столбовите на кои што законот базира, а тоа е токму овој амандман.

Прво, да кажам следно, дека цензусот од 400 илјади евра за набавка на стоки и услуги утврден во овој закон, а како услов да м ора да се распиша меѓународен тендер е врз основа на правилата на ЕУ, зголемено за скоро три пати. Значи, во ЕУ, за распишување на меѓународен тендер се активира јавна набавка за стока и услуга над 140 илјади евра. Ние бевме под силен притисок да овој збор 400 го намалиме уште надолу, три пати и да биде 140, колку што е цензусот за јавни набавки во ЕУ.

Ние се договоривме, а тие прифатија дека и нам ни треба некој преоден период. Така што мислам кога ќе дојде конечното прилагодување со законите на ЕУ и во процесот на кандидирање што сега формално се отвора, ние нема да можеме да избегнеме 140 илјади евра. Затоа што тоа е стандардна Европска Унија.

Сега имаме еден период кога утврдува прво на 400 илјади а после ќе стасаме на 140 илјади. Додека ние стигнеме до 140 илјади, може и таму да се смени уште надолу, па ќе го смениме и ново востановениот стандард на ЕУ. Тоа, од тој агол е така. Ако избришеме 400 илјади евра, и нема ограничување, дојде на милион евра по автоматизам на законот, ќе бидеме во голема спротивност и ЕУ и Светската банка овој закон донесен во Собранието нема да го сметаат дека е усогласен ниту со едните, ниту со другите, така што нема да се активира договорот, обврските што тие и ние ги преземаме заедно. Тоа е едниот дел од приказната, што е формален и

за што неколку пати кажувам во процесот на ЕУ, ќе имаме и горки пилули во ова Собрание и во државата кои, навидум изгледа дека се спротивни на нашите интереси.

Меѓутоа, тука да го затвориме амандманот и расправата дали 400 илјади, дали милион, дали 140 илјади евра колку што е во ЕУ и да го поставам круцијалното прашање што како министер за финансии би сакал да го поставам во парламентот.

Круцијалното прашање е - што е целта при јавните набавки на сите оние што во член 1 се дефинирани, институциите и претпријатија и други, дека треба да вршат јавни набавки? Дали целата на јавната набавка е да фаворизираме кој ќе може да конкурира, па над милион странци и домашни лица, а под милион само домашни лица, или целта ми е да набавиме еве микрофони со јавна набавка, условно да кажам, по поефтина цена? Интересот на граѓаните на Република Македонија , уверен сум во тоа и на оние кои сме во институциите во државата што ги претставуваме граѓаните е да набавиме тоа што треба да го купиме по најниска можна цена. А не по цена што ќе ги штити домашните производители. Имено, дали сме ние заинтерсирани да набавиме столици за во Парламентот со меѓународен тендер што нашиот буџет и нашите граѓани ги чинат 500 илјади евра, или да набавиме од домашни што ќе не чинат 700 илјади евра? Значи, целта на овој закон не е да го поттикнува домашното производство. Затоа постојат други закони. Целта на овој закон е да го штити денарот што го собираме од нашите даночни обврзници. Тие ги финансираат јавните и буџетски потреби. Ние сме должни цената на тие услуги и добро што ги купуваме да ги минимизираме.

Значи, сигурен сум дека дури и законодавството на ЕУ директно да го применевме, што ќе создадеше огромен број на меѓународно тендерирање на процеси на јавни набавки уште од утре, после донесувањето на овој закон, немаше да биде штетен. Меѓутоа, знаевме дека ќе има отпори што се јавуваат постојано, па решивме да одиме двостепено. Прво со 400, па после со 140 во некоја наредна фаза.

Меѓутоа, верувајте дека основниот интерес на ова е сите ние кои имаме овластувања во извршната, во законодавната, во јавните претпријатија, во судската власт и другите институции, кога ги трошиме парите да мораме да обезбедиме најголема рационалност на трошењето. Затоа сметам дека таа политика на овој закон, би било фер кон граѓаните да ја поддржиме. Со помал трошок да набави државата тоа што треба, па макар и некој од странство тоа го набавил, со рамноправни услови со домашните понудувачи и дека тоа е на крајот на краиштата

интерес на целата држава и на секој од нас поединечно што го полниме буџетот со разни трансакции.

За да не ни замери претседателот повторно, од тие причини амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа мора стенографски да се забележи.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па добро,бидејќи министерот си зеде за слобода да ни каже зошто, ако не беше овој амандман, немаше да разбереме што е круцијалното прашање на законот.

Јас ќе искажам едно големо незадоволство од начинот на кој што е закажана оваа седница. Основниот начин кажавте дека е изборот на јавни правобранители, замениците, но на оваа седница се поставува точка на дневен ред за материјали што ги добивме точно пред два дена. Ова е круцијален закон што задира токму во тоа што го кажа г-динот министер за економија. Мислам дека ако тој самиот во својата изјава кажа пред малку дека ним им требало неколку месеци да се прилагодат со Европските комисии, нам ни давате два дена за овој закон што вие го понудивте, да извадиме сега амандмани и да ја видиме суштината и сржта на сето ова.

Ова добро го кажавте и овој амандман не е слиен. Вие кажувате дека ние ќе го заштитиме нашето денешно производство со некои други закони и ова е начинот на кој што едноставно треба граѓаните на Република Македонија да ги заштитиме, со тоа што ќе направиме увоз или тоа е повторно да најдеме некој производ што ќе биде поевтин на пазарот.

Во самиот став 3 од овој член 12 кажувате, во самиот закон пишува, дословно ќе морам да го прочитам, за да разјасниме за граѓаните за што се работи:

"Ако вредноста на набавката на стоки и услуги е поголема од 400 илјади евра во денарска противредност и заработи чија набавна вредност е поголема од милион евра во денарска противвредност, постапката за набавка задолжително се спроведува со објавување на меѓународен тендер".

Токму дека во овој став има две вредности, за исти работи, значи еднаш има напишано дека вредноста е 400 илјади и во истиот став стои дека работи чија набавна вредност е поголема од милион евра, токму поради тоа да можеме да го заштитиме домашното производство во оваа насока и овој амандман. Токму така г-динот министер мислам дека ја свати намерата на амандманот и самиот амандман,

ако не се избрише 400 илјади евра, тогаш треба да се избрише милион евра. Затоа што не може да стои и едното и другото во истата ставка. Не разбирам за што се работи. Дали има две вредности или по грешка е нешто избришано па останале двете вредности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има три вида на јавни набавки што можат да се направат. Тоа е исто така во согласност со Европските директиви. Набавка на стоки, набавка на услуги и изведување на работи. За набавка на стоки и услуги, во директивите, вредноста е 140, а ние одиме со 400 илијади евра. А, работи, се мисли на поголеми зафати за инфраструктурни рајботи, проекти, објекти кога се градат патишта, железници, централи итн. Тоа се тие работи за кои цензусот е повисок, затоа што и таму не можете за 100 илјади евра да направите нешто. Тоа се огромни работи од инфраструктурен карактер и за тие работи важи друг цензус дури и во ЕУ. Поделени се и ние таа логика ја прифаќаме и мислиме дека е сосема во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво се јави г-динот Најдовски, па потоа г-дине Мавровски вие.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ако е реплика, ако сака нека повели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е ова реплика. Ова се амандмани, расправа.

Ако сакате, повелете зборувајте за амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сосема накратко сакав да го изнесам своето мислење во поддршка на она што го дискутираше министерот и уште со неколку аргументи.

Јас мислам дека, прво, на сите ни се полни устите со тоа дека сакаме да влеземе во ЕУ, сите кажуваме и кога има кампањи и се, дека ние сакаме да се вклучиме во меѓународната поделба на трудот, дека ние сакаме да се носиме со конкуренцијата, но кога ќе дојде тоа во пракса да се спроведе, некако кажуваме наводно душегрижништво, наводна некоја грижа за стопанството. Еве, да речеме популизам. Но, од друга страна, таквото однесување навистина носи штети на стопанството на Република Македонија.

Ќе ви кажам зошто, според мое мислење тоа е така и зошто не треба овој амандман да го гласаме ние како пратеници.

Прво, од една едноставна причина, ние мораме да ги оспособиме нашите стоапнски субјекти рамноправно да се носат со стопанските субјекти на светскиот пазар. Ако ние ги фаворизираме нашите стопански субкјекти на неконзистентен, нелојален начин, ние само привидно им помагаме, како што се сака сега. Напротив, ние им одмогнуваме заради тоа што не ги стимулираме да вложуваат во својот развој, во својата технологија за да бидат конкурентни. Не да конкурираат само на тендерите што ќе се објават во Република Македонија, туку да бидат конкурентни и на тендерите што ќе се објавуваат во останатите држави како во Европа, така и надвор од Европа.

Јас сметам дека на еден таков начин, морам да кажам дека со овој амандман можеби се сака, ненамерно, велам ненамерно да се покрие незнаењето, неработењето на поедини стопански субјекти. Не би сакал да навлегувам од кој интерес е тоа, но сметам дека со таквиот амандман нема да го постигнеме она што го сакаат предлагачите. Напротив, ќе имаме негативен ефект. Нема да ги стимулираме нашите стопански субјекти да вложуваат во развојна технологија за да можат рамноправно да се носат со останатите стопански субјекти на меѓународен план за да можат да бидат конкурентни.

Сметам дека овој амандман не оди во подобрување на Законот и дека предложените износи во Законот треба да останат, со тенденција нашите стопански субјекти да ги оспособиме на друг начин да бидат конкурентни за да можат и понатаму да се разбиваат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака, овие објаснувања се во ред. Но, ако натаму продолжиме да го житаме законот ќе видиме дека баш не е така како што кажувате. Затоа што кога ќе ни треба ЕУ, се повикуваме стално на неа, а после тоа ќе извадиме некои членови што многу брзо ќе дојдат што апсолутно нема никаква врска со ЕУ и каде што заштитуваме нешто друго. Што, не знам. Ќе го прашаме министерот, ќе каже.

А, во однос на ова, ако е така како што кажува министерот зборот “работи” ќе треба да се објасни. Затоа што претходно ако стојат тука стоки и услуги и работи, се работи, мислам дека “и за работи”, мислам дека тоа требаше да се дефинира. Како што велите за милион евра, за било која работа ако е од поголем карактер, апсолутно не може ни да се заврши. Значи тоа е интервенцијата. Значи, две вакви

или треба да се објасни или да бидат во два става каде што ќе стои стоки и услуги, 400 илјади евра или како што кажувате 140 илјади евра, или ова ако е три пати помалку нека биде 300 илјади Евра. Тука нема дилеми. Постојат две вредности во истиот став. За тоа се работи. Се работи и за тоа што немаме време тоа да го разгледуваме на Комисија, па можеби немаше да има сега ни дилеми да се расправаме на парламентарна седница. Тоа е проблемот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас го прифаќам го прифаќам тоа што г. Мавровски го кажува меѓутоа, сакам да потсетам дека во Законот во член 2 кај што дефинициите на Законот е дефинирано и пишува во точка 6 што е стока дефиниција, во точка 7 што е услуга дефниција, и во точката 9 што е работи. Значи ве упатувам на член 2 став 1 точка 9, и пишува работи со сите активности врзани со градба на објекти итн. На тие дефиниции се повикуваме и затоа мислиме дека нема неконзистентност во тој дел. Инаку , јас се извинувам само неколку пати е потенцирано ова за итноста. Значи првата фаза одеше во нормална процедура и го донесе Парламентот и расправавме екстензивно дури и на комисиите итн. меѓутоа со овие сите случувања се јави опасност да до 1 април неможеме да го донесеме заради вонредни околности со претседателските избори а ние на 31 март треба да го имаме објавено во “Службен весник” за да сме во рокот на договорите што ги имаме направено. И затоа е можда брзање и не шкоди ако се објасниме на самата седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Мавровски има помешано, итна е седницата, Законот не беше итен.

Повелете г. Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Благодарам.

Јас мислам дека сепак треба да стои милион евра за меѓународен тендер, бидејќи нашето стопанство не е толку силно венаш да влезе во таква силна конкуренција. Државата, сепак, треба да најде модел , а еден од моделите е ова меѓународен тендер се објавува за милион евра. Како пример ќе ви кажам и во Хрватска и во Србија и во меѓународни тендери, државата ги штити своите производители со тоа што дозволува домашните фирми да бидат 10, 15 па и 20% со

повисока цена , отколку надворешните конкуренти. Значи, неможе да се дозволи така неспремно влегување во тој силен Пазар во светот, а државата да каже дека води сметка да купи што поевтини столици и микрофони. Денес, навистина, тие се поевтини, но утре ќе бидат сигурно поскапи ако во својата земја не се оспособат фирми за една или две години да бидат конкурентни со европските и светските. Можеби е притисокот од Унијата таков, но јас ќе ви кажам пример како Унијата го штити, иако е силно развиена индустријата кај нив, сепак, таа ги штити своите производители на било каква опрема. Наместо да дава можност за поскапи цени на домашниот производител, таа воведува некои марки, на пример, ЦЕ - марката со која што се спречува увоз на било каква опрема од храна до индустрија во тие земји во ЕУ, под изговор дека тоа се посебни стандарди, надвор од ИЦ стандардите , кои што мора да ги задоволи некоја неразвиена земја од светот. Значи, тие измислиле, нашле начин, заобиколен начин, кој што го штити сопственото производство во тие држави. Можеби е голем притисокот од Унијата како што велите, но не е голем престап ако се овозможи уште неколку години да му се дозволи на македонскиот производител односно при вршење на јавните набавки, да се стави граница од милион евра, да мора да биде меѓународен тендер. Многу ќе биде покорисно за обука, за унапредување на нашите фирми ако имаат можност до таа сума да учествуваат на тендерите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, сега, конечно разговараме за друг проблем. Тоа е очигледно. Ние сега расправаме за закон за јавни набавки. Со законот за јавни набавки го штитиме нерационалното трошење на дноците кои ги собираме, парите кои ги собираме од даноци од даночните обврзници во Република Македонија . Поттикнувањето на стопанството и мерки за негов развој се предмет на други закони и како што пратеникот пред малку рече заобиколни методи. Ако сакаме да бидеме дел од ЕУ со законот за јавни набавки ќе ги штитиме набавките, а нема да ги штитиме претпријатијата. Со законот за поттикнување на економијата со, како што беше кажано, заобиколни, со нив ќе ги поттикнување со стандарди за увоз, за царина, за технички стандарди, меѓутоа, тоа не е дел од овој закон.

Второ, ние имаме потпишано договор за асоцијација и стабилитазија, со кои сите сме горди и опозицијата и позицијата и сите. Таму има одредба, со која од нас

се бара законот за јавни набавки да го усогласиме во некој временски период. Ние џабе ќе имаме спогодба за асоцијација и стабилизација и таа никогаш нема да премине во спогодба за членство, ако цело време викаме да ги одлагаме работите. Значи, прво ние сме презеле обврска да го усогласиме законодавството со Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ и сега ние тоа го правиме. Немаме рокови да одложиме.

Трето, не сум сигурен дека споредбата беше најдобра. Да се споредуваме со Србија и Црна Гора и Хрватска од 40-тина држави кои се во процес или се членки на ЕУ. Ние тежнееме кон стандардите на ЕУ, не тежнееме кон стандардите на Србија и Црна Гора и Хрватска. Со оглед на тоа дека Хрватска е за милиметар или два пред нас, верувајте дека многу брзо ќе се усогласи, тоа ќе биде побрзо од нас, затоа што тие преговорите ги почнаа, па нивниот стандард од 400 илјади евра, брзо ќе се претвори 140 илјади евра во врска со набавка на стоки и услуги. Така што, ние неможеме да се споредуваме со тие што каскаат, туку се споредуваме со некои наши рокови кои ги утврдуваме кон европското интегрирање и овој процес ќе трае, така што таа аргументација на тој начин мислам дека не е прифатлива за Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, 12 пратеници гласале за, нема воздржани, 51 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот предлага да се избрише членот 15 од Законот, заради според образложението, поради тоа што истите услови треба да се задоволат и при пријава на понудувањето. Со оглед дека членот 15 е во општите одредби на Законот каде што дефинира каква е и што е јавната набавка и кои услови треба да се задоволат, цениме дека треба да остане и во тој дел од Законот, а не да се избрише. Тоа значи дека амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Членот 15 кажува дека понудувачите во постапката за јавна набавка треба да ги докажат финансиско - економската способност, професионалната и техничката компетентност, менаџерската способност, искуството и репутацијата и соодветниот потребен персонал за да ја изврши и да ја подготви набавката. Мислам дека ваквиот начин како што е овој член презентиран, ова и повеќе од ова е објаснето во членовите 40 и 41 и многу е непрактично да стои ова, кој е тој што ќе каже за менаџерската способност, искуството и репутацијата. Мислам дека такви фрази кои се употребени се од некое малку поминато време, така што воопшто овој член, според мене, нетреба да стои или да се преформулира и технички тоа да биде прецизно што всушност се бара. Ако е тоа менаџерската способност, искуството и репутацијата, едноставно членот 40 и членот 41 од Законот мислам дека ги дефинираат сите овие работи и дури повеќе од сето ова, така што апсолутно нема потреба од овој член 15.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор: (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 54 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 46 пратеници гласале против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за бришење на став 5 поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што сметаме дека одлуката за набавка може и отпосле да се поништи, до колку се случат некои од околностите кои се

претходно цитирани. И, тоа само ги заострува принципите и критериумите за извршување на јавните набавки согласно Законот. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Откако ќе се донесе одлука за избирање на оној што е понудувач, мислам дека тука сите ставови претходни, кои пред малку министерот ги искажа во членот 22, поради кои ставови важи овој член, значи, се исклучи понудувачот поради располагање со веродостоен доказ за подарок , за непаричен облик што фала богу досега никој не покажал и не приложил никаде . После сето ова мислам дека не е прецизен овој став 5, ќе треба да се каже до колку време од она што било избрано. Затоа што, вака како што стои може да биде, некој да биде донесен во неправилна ситуација, ќе ја поништи одлуката за набавка доколку околностите од претходните ставови на овој член ќе бидат откриени по нејзиното донесување. Кога? Откако ќе се заврши работата, пред да се почне во текот на работрата, мислам дека треба прецизност и да знаеме за што точно се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Зоран Томиќ има збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Покрај образложението што го кажа министерот, мислам дека амандманот не треба да се прифати и уште од најмалку една причина . Јас се  согласувам со колегата Спиро Мавровски дека можеби треба допрецизирање, меѓутоа , веднаш ќе кажам дека роковите се определуваат во други закони, видно од членот 22 ставот 1, многу е јасно за кои закони станува збор.

Второ, и посебно важно , постоја дејствија кои се откриваат по завршена работа и добро е што законодавецот го предвидува таквото барање, во таквата најава, дејание или дејствија , членот 22 ставот 5. Од тие причини, навистина, сметам дека нема потреба овој став да биде бришен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник, 58 пратеници гласале, 8 пратеници гласале за, нема воздржани, 50 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 33 и 34 поднесени од пратениците Спиро Мавровски и Драго шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што сметаме дека одредбите од законот не се како што се цени овде излишни и дека тие треба да останат. Тоа се големи одредби во два члена и амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислев дека министерот ќе излезе и ќе ни објасни сега Европската регулатива, но еве нечувствува потреба дека ова треба да го објасни, а јас мислам дека и ова е круцијална работа ако сакаме да се приближиме кон европските стандарди и дури многу повеќе од она пред малку што го говоревте.

Ќе мора да ја запознаеме македонската јавност, едноставно , овие два члена да ги прочитам и да ги прокоментирам за што се работи и за што се сака тука да имаме бришење на овие два члена. Набавувачот може да отстапи од член 32 на овој Закон ако, а членот 32 ги зборува техничките спецификации кои претставуваат задолжителен дел на тендерската документација. И овие се дефинирани и се во сила стандардите во Република Македонија , ЕУ и со меѓународните стандарди. Значи ние сега носиме два члена во кои што се одбиваме и не ги прифаќаме стандардите на ЕУ, светските стандарди и кажуваме кои се начините според кој овој Закон и Министерството за економија ќе можи да работи. И тука кажуваме, стандардите , европските теннички атести или заедничките технички спецификации за производот што се нуди не вклучуваат никаква одредба што би барала тој да биде во сообразност со тие стандарди, атести и заеднички технчки спецификации.

Под два, примената на одредбите на член 32 на овој Закон ја попречува примената на почетната фаза на взаемното признавање на афести за типови и опрема за телекомуникациски терминали или за стандардизација во подрачјето на

информатичката технологија и телекомуникациите или други инструменти на ЕУ во специфични подрачја на услуги и производи.

Денеска во светот секаде постојат стандарди за среќа и за жал дури стандард е и воздухот. Така да не постојат средства кои вие ќе можите да ги исклучите од техничките стандарди за работи кои што треба да ги донесеме во Република Македонија .

Став три, употребата на стандардите европските технички атести или заедничките технички спецификации би го обврзала набавувачот да набави материјали кои се несоодветни со опремата што веќе е во употреба или би причинила несоодветни трошоци , односно би создала технички проблеми. Јас би го прашал министерот дали овој трет став е конкретно и прецизно за одредена област и за одреден дел од некое јавно претпријатие или установа која што треба да ги донесе овие работи. Тоа сакам да ми се одговори и да знам дали е тоа, тоа или овој е некој став од кој утре ќе можеме сите да внесуваме во Република Македонија работи за кои што допрва ќе бараме стандардизација.

Став четири, проектот има иновативна природа за којане би можеле да се применат европските стандарди, европските технички атести или заедничките технички спецификации. Што ова значи, ќе сака министерот да ми објасни, значи проектот да има иновативна природа и што ние толку иновации кога го потценуваме домашното производство ќе направиме во Република Македонија толку иновативно и да се биди надво од она што го бара ЕУ.

Во членот 34 , набавувачот е должен во отворен повик објавен во “Службен веник” на Европската заедница , во “Службен весник” на Република Македонија или во тендерските документи , како и во својата интерна документација да ги наведе причините за постапување согласон член 33 на овој закон. И на крајот кажувате во отсуство на европските стандарди. Европските технички атести или заедничките технички спецификации , техничките спецификации ќе бидат дефинирани со повикување на македонските технички спецификации, македонските стандарди и македонските атести, за кои е потврдено дека се усогласени со основните барања за техничко усогласување што се однесуваат на начинот и методот на пресметување и изведување на работите и употребата на материјалите. Во сите закони кои ги носи ЕУ стои една работа, но кога немаме наш применет стандард за одреден производ или она што го правиме во Република Македонија дека се применува поригорозниот стандард, за поголема техничка сигурност во корелација со нашиот. Ова никаде го немате спомнато и тука гоовorите за нешто што е надвор од стандардите. Токму тоа

е овој амандман со кој бараме сето ова да се избриШе, затоа што едноставно не се согласува со европските и светските стандарди кои треба да ги принесеме и донесеме во Република Македонија , а како што кажавте целиот закон е во таа насока.

Благодарам господине министре.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, овде целосно не се согласуваме. Јас мислев да не бидам здодевен ако се повикувам на европските стандарди и вие тоа го сфативте: сега го фативме министерот како е надвор од европските стандарди, па зошто не ги спомна, но еве ќе ги споменам.

Токму овие два члена се целосно имплементирани од европските директиви, затоа што дури и Европската унија како и сите нормални заедници или држави во светот пропишале начин, ако немате за нешто стандард или ако стандардот има некои специфичности, како да излезете од таа ситуација. Токму овие два члена се како да отстапите од пропишаните стандарди и технички прописи и во кои услови. Тоа се три-четири услови во кои и Европската унија дава можност да се отстапи. На пример, вие спорите проект што има иновативна природа, па секоја иновација значи унапредување на постојните стандарди и ако некој предлага иновација, вие не можете да кажете не е стандард, затоа што иновацијата значи нов стандард ако понатаму се усвои.

Членовите 33 и 34 се целосно, буквално, усогласени со европското законодавство, а европското законодавство во нив се повикува ако нема европска регулатива и технички стандарди дека го активира, како кај нас во членот 32, и соодветното национално, во овој случај македонско законодавство и стандард.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не знам кој со кого не се согласува, но итноста до 1 април да се донесе, ако вака продолжиме ќе биде после 1 мај.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОСКИ:

Ова што го кажува министерот се содржи во наредниот член 35 каде се дадени стандардите на Република Македонија и она што треба да биде потврда и систем на квалитет за работа. Ова може да биде препишано од Европската унија, а

применливо - мислам дека кај нас може да биде злоупотребено. А дека ќе биде применливо затоа што Европската унија и ние како Република Македонија, колку такви  делови во моментот имаме што не се стандардизирани, не знам министерот дали има некоја информација да им ја понуди на пратениците, за да знаеме колку такви нестандардизирани делови во моментот во македонската економија се наоѓаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Работиме до 17 часот. Ако не го донесеме законот, ќе си остане недонесен. Затоа ве молам кворумот да се одржува.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 56 пратеници, од кои 7 за, 49 воздржано и нема против.

Констарирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 алинеја 3, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа затоа што ако некој од понудувачите има и истражувачки погони со кои го контролира тоа што го дава како услуга или стока на набавувачот, тогаш тој секако ќе стекне предност заради контрола на својот квалитет и од таму тоа е плус во бодирањето на техничката способност на понудувачот и сметаме дека треба да остане.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дали некој има истрачувачки погони или нема истражувачки погони, битно е дали тој го работи тоа, дали ги има сите овие податоци што вие ги барате за

техничка способност, а дали тој истражувачки погон донел или не донел нешто, со ова што го напишавте апсолутно не можете да знаете дали  таа фирма има или ги доведувате фирмите во ситуација некој што работи или соработува со друга фирма која работи само истражувачки работи едноставно да ја елиминираат. Кога се вели "истражувачки погони", тоа е многу општо нагласено во оваа ситуација и не би требало да му даде на никого предност, затоа што точно треба да се дефинира.

Уште еднаш да му се залбагодарам на господинот Томиќ за поддршката на амандманот, но оставам на министерот да го каже неговото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Никој не бара збор, но ги молам трите пратеника кои излегоа од салата да се вратат.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

За ваша информација, имаме уште четири амандмани да разгледаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 57 пратеници, од кои 8 за,  нема воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 58 за бришење на ставот 5, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Амандманот се однесува на членот 58 или рокот за прием на понудите во отворен повик. Бидејќи со овој член утврдуваме дека овој рок не може да биде покус од 52 дена од денот на испраќањето на повикот и во случај на забрзана постапка покус од 36 дена, со овој став 5 кажуваме: набавувачот може најмалку пет дена пред

истекот на крајниот рок за прием на понудата да го продолжи крајниот рок, доколку еден или повеќе понудувачи не се во можност да ги достават понудите до крајниот рок, што е резултат на објективни причини. Доколку набавувачот ги прифати објективните причини, го објавува продолжувањето на крајниот рок во средствата за јавно информирање во кој бил објавен повикот.

Значи, господине министре, имате 52 дена за повик и уштге 36 дена по забрзана постапка. Послендите пет дена кажувате објективни причини, што можат да бидат толку за да ги донесете останатите конкуренти кои ја завршиле работата и се подготвуваат за тој тендер, вие да го поништите или да го продолжите рокот од пет дена пред самиот избор. Со тоа што е зголемено времето мислам дека е доволно за секој во овие денови да го заврши тоа што треба, ако навистина мисли да излезе на тендер. Од тие причини, објектини причини не гледам, освен тоа што спомнувате елементарни непогоди, но тогаш после пет дена не ќе може да биде во состојба да донесе таква понуда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 57 пратеници од кои 8 за, нема воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во текот на расправата дојдоа уште три амандмани.

Пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман за менување на насловот пред член 22, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Фатмир Асани и Џевдет Насуфи поднесоа амандман на член 30 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандман на член 2 за бришење на точка 17, по кој Владата не се произнела. Тој сега се дели.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 22, поднесен од пратениците Жарко Караџиски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратеницие Фатмир Асани и Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа. Со стандардите на Европската унија е пропишано само минимум објавување во националниот службен весник и ако има потреба под услови пропишани овде и во Службениот весник на Европската унија. Дури и Европската унија ни даде писмена забелешка, која ја имаме во министерството, при процесот на усогласувањето дека објавување и во еден весник плус е само трошок кој е непотребен. Во нашиот закон плус е уредено дека се објавува и на веб страницата на Бирото за јавни набавки. Цениме дека тоа е доволно и со оглед дека голем број од јавните набавки се јавни набавки со мала вредност, над 3000 евра до некој износ од 10-15 илјади евра, секакво објавување според овој амандман ќе предизвика објавување најмалку на четири места каде што се плаќа. Значи еднаш во Службен весник и два пати во дневни весници на Република Македонија, плус ако е со поголема вредност и во Европската унија. Тоа да го исклучиме последното, на пример за јавна набавка која вреди три ипол илјади евра, ако објавите на три места по 100 евра, 10% или 300 евра ќе потрошите од јавната набавка само за објавувањето во весник, што е апсурдна ситуација и затоа остануваме на претходно усогласениот амандман дека се објавува само во “Службен весник” и овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Насуфи, имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседател што ми дадовте збор.

Изгледа дека во текот на разгледувањето на амандманите дојде до еден компромис меѓу партнерите на коалицијата, што се однесува до членот 30, но за жал со овој компромис мислам дека се направија два пропусти од суштинско значење.

Прво, господине министре, го нарушивте принципот на транспарентност. Зошто го велам тоа? Вие знаете дека Службениот весник во Република Македонија

се објавува во мал број примероци, за разлика од другите весници и ако некој весник излегува во тираж од 1000 примероци, има и други што излегуваат со тираж 20 - 30 илјади примероци. Со тоа не се дава можност тендерот да го постигне ефектот за кој и вие се ангажирате како Влада, но и секоја институција треба да се ангажира за да се постигне саканиот ефект, односно да се добие поголема конкурентност.

Второ, вие нанесувате и друга политичка штета затоа што вие знаете дека во прв ред имате обврска да го спроведувате Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија. Службениот весник многу често не се печати на албански јазик. Тоа се случи овие денови во Собранието и ние не можеме на случајности да го препуштиме ова прашање, или пак да размислуваме и за тие 300 евра што вие сакате да ги заштедите. Затоа, не е соодветно со такви образложенија да се избрише или да не се усвои еден амандман за кој не се потребни ниту големи трошоци, во тоа сум уверен, а од друга страна, имате еден голем политички ефект.

Јас не можам да го разберам и вашиот коалиционен партнер зошто го повлече амандманот и во малку изменета верзија повторно го предлагаме истиот амандман.

Затоа, во оваа насока ги молам пратениците да имаат разбирање, затоа што со ова не губи ништо ниту државата ниту институциите кои објавуваат тендери и тн. Напротив, општеството на Република Македонија добива со тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има збор господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Со оглед на фактот дека јавно бевме прозвани од пратеникот Џевдет Насуфи, за волја на вистината сакам да кажеме дека немаме потреба од суфлери. Ние сме пратеници на ДУИ и нашите одлуки донесени тука не се последица на нечие влијание, туку се последица на здравата логика што ја следиме и во согласност со она што претставува правна регулатива и сакајќи да има рамноправност во преставеноста, за тоа што претставува материјалот, тоа се постигна со амандманот што го поднесовме.

Што се однесува до Службениот весник, самиот господин Насуфи е правник, тој беше учесник во процесот на потпишувањето на Рамковниот договор и знае многу јасно што и како се печати на два јазика во Службениот весник. Затоа, во интерес на јавноста и во овој предизборен период да не почнуваме со предизборна кампања, туку тоа ќе почнеме да го правиме од 30 март натаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Би ги замолил општо пратениците и господинот предлагач во овој случај на амандманот, нема потреба условно да кажам да бркаме политика таму каде Што нема политика и каде што се работи за чисти економски односи.

Членот на законот вели: набавувачот задолжително го објавува во Службен весник повикот за набавка. Значи велам задолжително. Ако тој има пари или има потреба, може да го објави уште во 20 весници, никој не му брани. Ова е минимумот да се објави во Службен весник и на веб сајтот на Бирото за јавни набавки. Од тука натаму е во доменот на слободата и проценката на секој набавувач, така што тука не треба да бркаме ништо што не е дел од економијата на јавните набавки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседател.

Ова не е политика затоа што албанскиот јазик не е политика, туку е политика толку колку што вие имате обврска господине министре, колку што имам јас, колку што имаат и другите во овој Парламент. Затоа ова не е политизирање и не се однесува на политичари.

Прашањето на албанскиот јазик, што се однесува до јавните набавки, ве молам, се работи за јавни средства и тие средства во суштина трошоците, истите трошоци одат и се развиваат во определена постапка која се регулира со овој закон. Овде немаме волја на политички волонтаризам на субјектите. Овде имаме имедијатни правила кои се со обврзувачки карактер. Не можеме да оставиме на свсноста или несвесноста на субјектите, дури, овде не се говори ни за приватни субјекти, туку се говори за јавни субјекти. Тие јавни субјекти имаат обврска нивото на албанскиот јазик да го имплементираат на ниво на Уставот и тоа што сме се договориле, ништо повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Јас би го замолил министерот да не се плаши во овој момент, затоа што многу често тој ги користи зборовите “се плашам, се плашам”. Тука не треба да се плаши министерот, треба да го брани Уставот на Република Македонија, односно треба да го брани Амандманот 5 на Уставот на Република Македонија, да го брани

Рамковниот договор и да им олесни на граѓаните што полесно тие да дојдат до објавените тендери, со тоа што Ќе го прифати нашиот амандман и тендерите ќе се објавуваат во други два весници, а не само во Службениот весник. Се знае дека Службениот весник не може секој да го плати и добие во Република Македонија. Ние не сме толку сиромашни за 300 евра тука да дебатираме.

Затоа, би ги замолил сите пратеници да го прифатат нашиот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во овој Парламент од 2001 година како пратеник, а од пред извесно време и како министер упорно го бранам Рамковниот договор, меѓутоа нема да дозволам тој да се банализира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор?

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале 56 пратеници, од кои 5 гласале за 5 воздржано и 46 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Ако има пратеници надвор од салата нека влезат.

Го поништувам гласањето бидејки нема доволен број пратеници.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам повторно да гласате.

За време на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 49  пратеници од кои 6 за 4 воздржано и 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на точка 17 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека е можна ситуација во која за нешто не постои ниту македонски стандард, ниту европски, ниту меѓународен стандард, сметаме дека поимот интерен стандард, како стандард на некое трговско друштво, или на други правни лица треба да остане, затоа што развојот на општестовто и на економијата се движат во правец во кој стандардите постојано се усовршуваат, дури и се иновираат. Од тој аспект

сметаме дека во услови на непостоење на европски , меѓународен или европски стандард за одредена работа, што е можно подобро е да стои интерен, отколку никаков, како заштита од некаква ситуација.

Затоа сметаме дека треба да остане овој термин и амандманот да не се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Министерот од економска  гледна точка упорно инсистира ако нема нешто да има нешто, ама ако има нешто во техниката мора да биде нешто, а не ништо. Ова што го кажувате е апсолутно ништо. Формулацијата е на 17 став, каде што кажувате интерен стандард, стандард на трговски друштва или други правни лица доколку такви стандарди не се опфатени со македонски или со меѓународни стандарди.

Вие во вашиот закон , во став 13 стои што претставува стандард. Стандард е техничка спецификација одобрена од страна на надлежно тело за стандардизација за постојана и трајна примена, така да г-дине минситер ова е тотално во коализија едното со другото и во техниката, во економијата може да биде нешто друго. Во техниката апсолутно стандардот треба да биде  дефиниран. Вие не можете интерен стандар, ќе се собереме двајца и ќе кажуваме каков е нашиот стандар д во претпријатието. Такви работи едноставно не се дозволиви. Значи, интерен стандард не постои и мора да се брише од овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 праеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкпуно 61 пратеник од кои 9 за, воздржани нема и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Повелете процедурално г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека и овој амандман ако минситерот не го усвои, а гледам и колегите пратеници, значи овде не се работи воопшто за разгледување на законот. Цело време 10 пратеници од опозицијата одржуваме кворум. Господине министер овој закон го носите со опозицијата и едноставо воопшто не бевте овој пат заедно да ги донесеме овие закони. Го донесовте Законот прво во рок од два дена сите да го разгледуваме на Собрание, донесувате нешта за кои што само вие сте убедени дека е така. Не почитувате ниту техника, апсолутно она што вие го знаете, тоа е најточното што треба да се види во законот и токму заради тоа јас се заблагодарувам и пвоеќе нема да учествувам во донесувањето на законот за јавни набавки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеици,

Немам намера многу да зборувам по законот само сакам да кажам дека денешната расправа одзеде повеќе саати за донесување на овој закон и бидете сигурни дека ќе имаше можеби многу по квалитетна расправа доколку законот го добиевме малку понавреме, не вака брзо, во рок од два дена да немаме време буквално ни добро да го разгледаме.

Мора да напоменам дека овој текст на закон што сега се нуди во однос на првото решение на Предлогот за донесување на закон навистина има доста отстапвуања. Има работи кои што се прифатени по однос на она што се дискутираше, а има работи кои не се прифатени.

Нашата пратеничка грпа се обиде колку што и дозволуваше времето во овој можен брз рок да интервенираме така како што интервениравме. Можеби не ги погодивме суштината и најдоброто решение, меѓутоа тоа е тоа затоа што навистина законот дојде брзо, иако не ја гледам причината тој се стави на дневен ред без некоја итност ит.н. и таа процедура е малку нарушена. Но тоа што е , минситерот објасни зошто мора така да биде.

Инаку, да го искористам ова за едно прашање доколку министерот е расположен да одговори, добро, доколку не нема потреба

Значи не ја гледам причината зошто во постапката видовите на постапките за јавни набавки, членот 29 каде што сега се дефинира јавните набавки се

спроведуваат со следните постапки - отворен повик, ограничен повик, а сега имаме постапка со преговарања, конкурс за изработка на проект и ограничен повик за консултански услуги. Нешто во претходната фаза имаше различно, барем називи на постапките, а гледам дека и во членовите има одредени измени. Значи, не ми е јасно зошто сега предлагачот се одлучил да го смени името на постапката и наместо да стои постапка со непосредна спогодба, стои постапка со реговарање. Тука се обидел малку предлагачот со извесна претумбација на членовите да го објасни тоа , иако голем дел од решенијата се задржани и во делот каде што се зборуваше за непосредна спогодба. Дали и ова е усогласување со европските термини, дали таму не познаваат непосредна спогодба, или таа се вика преговарање. Во секој случај јас не ја гледам причината и потребата зошто мораше така да се менува, но тоа е тоа.

Исто така навистина има решенија кои заслужуваат повеќе внимание, можеби доколку го имавме доволно време ќе ги кажевме и другите работи,  но еве немаме толку многу време за дискутирање.

Мора да констатирам уште една работа дека барем оние решенија каде што во првата фаза се нудеа како алтернативни, иако во сите дискусии барем што произлегоа од позицијата, постоеше расположение за прифаќање на тие алтернативни решенија, меѓутоа не гледам скоро ниедно алтернативно да е решено.

Исто така, сега разликата за која, јас повторно би го прашал министерот зошто е така, во членот 88, ставот 3, каде што се зборува за банкарската гаранција, значи за субјектите од став 1 на овој закона вансот не може да биде поголем од 20% од вредноста на договорот, што е различно решение од претходно понуденото. Таму стоеше 50%. Сега се намалува на 20%. Има такви и други решенија, што значи дека од оној момент кога ни беше понудена првата верзија, до денеска, има доста работи што се изменети.

Бирото останува, иако имавме одредени сугестии, особенов о делот дали тоа треба да биде со својство на правно лице или да не е со својство на правно лице. Нашите забелешки беа дека сепак Бирото треба да има некое својство на правно лице за да ја задржи независноста или автономијата и да има некоја поголема контрола во оваа работа. Меѓутоа, решението е да остане во рамките на Министерството за финансии, без својство на правно лице што во секојслучај е далеку поразлично.

Тоа е вака начелно. Во секој случај ние ќе го подржиме овој закон иако, морам повторно да потенцирам, навистина за да имавме поквалитетна расправа, барем во иднина да не се случува вака, значи д аги добиваме законите на време, особено кога

станува збор за Предлог на закон за да можеме навистина и комисиите да го разгледаат, но и ние да се вклучиме во една поквалитетна расправа заради подобри и поквалитетни решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам.

За збор се јави пратеникот Стојан Андов.

Пвелете г-дине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувнаи минситри, почитувнаи колеги пратеници,

Овде сигурно имаме некои забелешки зошто токму вака постапил предлагачот. Нема некој проект каде што не може подобро да се нарпави. Меѓутоа, сепак би рекол дека ова е случај каде предлагачот имал разбирање кај голем дел предлози и сугестии и забелешки од претходната расправа што беше. Сега во овој текст , голем дел од нив се внесени.

Тоа што мроам да расправаме по итна постапка сигурно не е добра околност. Сигурно е дека во една редовна постапка ќе имавме повеќе можности сега да се донесе, меѓутоа сме свесни дека околностите, надвор од силата на предлагачот, фактички ја изнудија таа варијанта и уште еднаш би сакал да кажам дека и на денешната расправа покажаа, министерот, разбирање по амандманите.

Така што и ние ќе гласаме за овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Подеднакво важи и за позицијата и за опозицијата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 63 пратеници, значи имаме кворум за да го спроведеме гласањето.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласале за, нема воздржан и 2 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавни набавки.

Минуваме на точката **10 - Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.**

Ве известувам дека Народниот правобранител го повлече предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 59-та седница на Собранието на Република Македонија.

До 15,00 часот останувaат уште 45 минути предлагам да продолжиме со другата седница.

Збор побара г-динот Никола Поповски, министер за финансии.

Повелете г-дине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, дозволете да изразам благодараност до пратеницит еод сите пратенички групи кои имаа разбирање за состојбата во која се најдовме и разбирање за европскиот пристап кон овој закон и сепак на крајто го донесоа. Затоа сум благодарен на сите пратенички групи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално збор побара г-динот Спиро Мавровски.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас не сакам г-динот министер да ми се заблагодарува, затоа што си го донесе неговиот закон. Но очекував дека, имаше понудео како пратеник еден закон за ТАТ, помина веќе шест месеци а за истото нема разговарао и го нема поднесено.

(Бурни реакции со дофрлања во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски , тоа не е процедурално.

Јас ве молам, без довикувања од првито ред, без разлика од кои. Без довикувања.

Констатирам дека дневниот ред е исцрпен, со тоа седницата е завршена.

(Седницата заврши во 16,15 часот).